Врз основа на член 188 став 6, член 212 став 18 од Законот за социјалната заштита (Службен весник на РСМ бр.104/19 бр. 146/19, бр.275/19, бр.302/20, бр.311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22) член 22 и член 23 од Законот за работни односи (Службен весник на РСМ бр.62/05, бр.106/08, бр.161/08, бр.114/09, бр.130/09, бр.50/10, бр. 52/10, бр.124/10, бр.47/11, бр. 11/12, бр.39/12, бр. 13/13, бр. 25/13, бр. 170/13, бр. 187/13, бр.113/14, бр. 20/15, бр.33/15, бр.72/15, бр.129/15, бр. 27/16, бр.120/18, бр.110/19, 267/20, 151/21 и 288/21), а во врска со член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор (Службен Весник на РСМ бр.27/14, бр.199/14, бр.27/16, бр.35/18, бр.198/18, бр. 143/19 и 14/20), В.Д.-Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово донесе

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа
IP Qendra ndërkomunale për punë sociale
Бр.-Nr. 03-2019/8
20-01-2023 202 год/viti
ТЕТОВО-TETOVË

# О Д Л У К А

**за избор на 6 (шест) кандидати за вработување на неопределено време по јавен оглас 02-2022 од 28.12.2022 година**

**1.** За работното место **СОЗ0303А04023 Водител на случај во ЦСР – Правник** - Самостоен стручен службеник од четврто ниво, **еден (1)** извршител во Оддел за брак и семејство, семејно насилство, посвојување, старателство , трговија со луѓе, заштита на деца во ризик до 18 години и советувалиште за истите, Служба за услуги од социјална заштита се избира кандидатот **Катерина Војноска.**

**2.** За работното место **СОЗ0303А04020 Водител на случај во ЦСР – Дипломиран социјален работник** - Самостоен стручен службеник од четврто ниво, **еден (1)** извршител во Оддел за права и парична помош за општина Теарце, Боговиње, Брвеница, Јегуновце и Желино, Служба за права и парична помош се избира кандидатот **Хаџере Ибиши**.

**3.** За работното место **СОЗ0303А04020 Водител на случај во ЦСР – Дипломиран социјален работник** - Самостоен стручен службеник од четврто ниво, **еден (1)** извршител во Оддел за брак и семејство, семејно насилство, посвојување, старателство, трговија со луѓе, заштита на деца во ризик до 18 години и советувалиште за истите, Служба за услуги од социјална заштита се избира кандидатот **Катарина Спасовиќ Стефановска.**

**4.** За работното место **СО30303А04021 Водител на случај во ЦСР – Психолог** - Самостоен стручен службеник од четврто ниво, **два (2)** извршители во Оддел за брак и семејство, семејно насилство, посвојување, старателство , трговија со луѓе, заштита на деца во ризик до 18 години и советувалиште за истите Служба за услуги од социјална заштита се избираат кандидатите **Небахат Имери и Фиторе Зибери.**

**5.** За работното место **СО30303Б0201 Медицинска сестра** - Помошно стручен службеник од второ ниво, **еден (1)** извршител во Оддел за сместување на стари и возрасни лица во ризик, дневен центар за лица со ментална и телесна попреченост, помош и нега во домот и лична асистенција, Служба за услуги од социјална заштита се избира кандидатот **Синиша Петровски.**

1. По конечноста на одлуката, со избраниот/те кандидат/и од точка еден на оваа одлука ќе се склучи Договор за вработување на неопределено време за работните места за кое се избран/и.
2. Избраниот/те кандидат/и од точка еден на оваа одлука ќе биде/ат на пробна работа четири месеци , а по завршувањето на пробната работа потребно е да се стекне/ат со лиценца за работа во установа за социјална заштита.

3. Донесената одлука ќе биде објавена на огласната табла и на интернет страната на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа –Тетово.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

В.Д. - Директорот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа - Тетово на ден 28.12.2022 год. во дневните весници Слободен печат и Коха објави јавен оглас 2/2022 год. за вработување на неопределено време на 5 (пет) даватели на јавни услуги од категорија А стручни и 1(еден) давател на јавни услуги од категорија Б помошно стручен службеник.

Комисијата за селекција за вработување на 6 (шест) извршители – даватели на јавни услуги во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа – Тетово, на неопределено време, формирана со решение на В.Д.- Директорот со архивски број 03-2019/2 од 30.12.2022 година, во функција

за спроведување на постапката на објавениот јавен оглас број 2/2022 година објавен на ден 28.12.2022 година во дневните весници Слободен печат и Коха, спроведе постапка за веродостојноста на доказите и интервју за наведеното работно место.

По спроведената постапка за веродостојност на доказите и спроведеното интервју и извршеното бодирање, Комисијата изготви Ранг листа бр.03-2019/6 од 13.01.2023 година на кандидати за вработување на неопределено време на шест (6) даватели на јавни услуги и тоа пет (5) од категорија А Самостоен стручен службеник од четврто ниво и еден (1) од категорија Б Помошно стручен службеник од второ ниво во ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Тетово и истата ја достави до В.Д. - Директорот.

Врз основа на Ранг листата изработена согласно член 20-д од законот за вработени во јавниот сектор, согласно Годишниот план за вработување и предлогот за избор на прворангираните кандидати, В.Д. - Директорот изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА :** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Државната Комисија за одлучување во управна постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена по приемот на оваа одлука.

Доставено до :

- Избраните/неизбраните кандидати
- Архива
- Досие
- Предмет
- Огласна табла

ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа / IP Qendra ndërkomunale për punë sociale — TETOVË / ТЕТОВО

В.Д. - Директор

Марија Исаевска Ристовска